1000 Скопје, ул. Фредерик Шопен 2/9; тел/факс. +389(0)23 239 239

www.balkanbiocert.mk

Стандардни процедури за контрола и сертификација на органски производи

Стандардните процедури на Балкан Биосерт Македонија ДООЕЛ Скопје вклучуваат:

1. Пријавување

По приемот на писмено или усно барање за користење на услугите на Балкан Биосерт Македонија ДООЕЛ Скопје, добавувачот добива подробно објаснување на условите и во случај на посебен интерес, дополнителен пакет информации, кој содржи стандардни процедури за контрола и сертификација, договор и образец за пријавување (апликација).

Добавувачот поднесува пополнет образец за пријавување 5.1.001 до Балкан Биосерт Македонија ДООЕЛ Скопје, заедно со било каква дополнителна информација што смета дека е од важност за постапката за сертификација. На база на вкупните добиени информации, Балкан Биосерт Македонија ДООЕЛ Скопје подготвува понуда за цената и неопходното време за контрола и сертификација на фармата/компанијата.

Доколку добавувачот ја прифаќа прдложената процедура и цена, се потпишува договор, се плаќа авансно еден дел од цената и се определува датум и програма за контрола.

2. Контрола

Како стандардна постапка, контролата се спроведува еднаш годишно. Добавувачот се известува за датумот на контролата вообичаено 5 дена пред контролата.

Со цел да спроведе ефикасна и стручна контрола, добавувачот е обврзан да се подготви за посетата на најдобар можен начин. Надлежните луѓе мора да се присутни, сета документација подготвена, а потребниот превоз добро организиран.

Физичката контрола ги исполнува минимум барањата за контрола, како што е опишано во МК Закон за органско производство Сл.весник 146 од 07.12.2009 како и Правилниците кои од него произлегуваат.
Контролата се состои од неколку постапки чијшто редослсед се одредува на првичниот состанок помеѓу контролорот и добавувачот, а кои вклучуваат проверка на документацијата и физичка контрола на фармата/компанијата. Резултат од извршената контрола е Извештајот од контролата за утврдената моментална состојба на фармата/комапнијата.

Балкан Биосерт Македонија ДООЕЛ Скопје има право на дополнителни контроли, вообичаено за да се контролира одреден дел од фармата/компанијата или пак сосредоточувајќи се на претходно најдени несоодветствија.

3. Сертификација

Сертификациското решение ќе се заснова на извештајот од контрола во кој се наведени наодите од контрола.

Сертификациското решение се подготвува и предлага на Управителот од сертификациски персонал на Балкан Биосерт Македонија ДООЕЛ Скопје, кој што има поминато претходни обуки и е одобрен како сертификатор и кој што не учествувал во контролата на добавувачот за кој се носи сертификациско решение. Таму каде што има несоодветствија, сертификаторот предлага санкции (услови за сертификација) на добавувачот. Конечната одлука за сертификација, условите и санкциите ја донесува Управителот.

Добавувачот ќе добие сертификат, извештај од контролата и посебно сертификационо писмо во кое се наведени резултатите од контрола, можните услови и санкции, и се назначени роковите за отстранување на изнајдените неусогласености.

Главните предуслови за сертификација може да се резимираат на следниов начин:

1. Потпишан договор за контрола и сертификација.
2. Позитивен извештај и одлука за усогласеност со барањата на МК Закон за органско производство Сл.весник 146 од 07.12.2009
3. Конечната одлука донесена од Управителот
4. Платена сумата за контрола и сертификација доставена во понудата од Балкан Биосерт Македонија ДООЕЛ Скопје.